**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-87/7**
**Скопје,09.12.2025 година**

Записник од триесет и втора седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 09.12.2025 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Заменик Претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска -член
Г-ѓа Јелена Догазанска Колева –член
г-ѓа Марјана Илиеска -член
Г-ѓа Кети Петкова-член
г-дин Љупчо Коцевски -член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ -член

Заменик претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Макеоднија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесет и втората седница на Советот.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори триесет и втората седница на Советот и воедно го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записниците од 28-та, 30-та и 31-та седница на Советот
2. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител по сопствено барање
3. Формирање на Комисија за спроведување на Стратегија за комуникација и транспарентност 2025-2028
4. Донесување на одлука за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ
5. Разно

Пред да се усвои вака предложениот дневен ред од страна на Заменик претседателот на Советот, збор зема членот на Советот г-дин

Ардиан Демири кој предложи точката четири од дневниот ред за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, да биде одложена за некоја од наредните седници по што даде образложение за тоа. Наведе дека во тек е донесување на нов Закон за Советот на јавните обвинители на РСМ и во контекст на измените на законот и препораките на Венецијанската комисија кои што инсистираат на правото на кандидидање за претседател на Советот и од редот на членови на Советот на јавните обвинители, кои не се јавни обвинители, туку се избрани од страна на Собранието на РСМ,а кои со досегашниот закон кој е на сила таква можност немаат и не е предвидено, а со новиот закон кој како што кажа се очекува до крајот на годината да помине во Собраниска процедура би имале таква можност. Смета дека дваесетина дена не би биле пречка доколку Советот и понатаму продолжи да функционира со Заменик претседател. Наведе дека е колегијално и во духот на реформската агенда и препораките на Венецијанската комисија да се прифати предлогот со оглед дека сите членови имаат заеднички обврски би требало да имаат исти права. Воедно побара поддршка од останатите членови на Советот оваа точка од дневниот ред да биде одложена до донесувањето на новиот закон. Воедно предложи неговото барање да се стави на гласање.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која како член на работната група за изготвување на новиот Закон за Советот на јавните обвинители на РСМ, кажа дека мнозинството на работната група била составена од јавни обвинители и дека најпрво го прифатиле предлогот да претседателот на Советот биде од редот на јавните обвинители, поточно да остане постоечкото законско решение. Наведе дека имало предупредувања дека ваквата одредба е спротивна на Уставот каде интервенирал и Уставниот суд, по однос на решението во Судскиот совет каде се изедначени членовите на Советот во своите права и обврски. Како работна група немало многу забелешки на Законот за СЈОРСМ, со мала интервенција, а тоа е запоставувањето на членовите на Советот кои не се од редот на јавните обвинители при изборот за претседател на Советот. Воедно кажа дека можеби не би го прифатила предлогот на колегата доколку не би знаела кога овој закон би бил изгласан од страна на Собранието на РСМ, но согласно реформската агенда законот треба да биде усвоен заклучно со 31.12.2025 година. Воедно се согласи со колегата Ардиан Демири оваа точка од дневниот ред да биде одложена за некоја од наредните седници.

Г-дин Фатих Алиу исто така се согласи со претходните дискутанти да оваа точка од дневниот ред биде одложена до стапување на сила на новиот закон за СЈОРСМ.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски постави прашање до членовите на работната група до која фаза е сега законот и кога би стапил во сила.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека од страна на Венецијанската комисија е вратен до Владата на РСМ и веднаш би стапил на сила по неговото донесување.

Откако никој не зема збор Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање предлогот на членот на Советот г-дин Ардиан Демири за одлагање на точката четири од дневниот ред за избор на Претседател на Советот.

За предлогот гласаа четири члена: г-дин Ардиан Демири, г-дин Фатих Алиу, г-ѓа Кети Петкова и г-ѓа Марјана Илиеска. Седум члена гласаа ПРОТИВ. Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими констатира дека предлогот на членот на Советот г-дин Ардиан Демири не е усвоен. Воедно го стави на усвојување дневниот ред за оваа седница. Едногласно беше усвоен предложениот дневен ред од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред усвоени беа записниците од 28-та,30-та и 31-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека јавниот обвинител и Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје, согласно чл. 87 ст.1 т.1 од Законот за јавното обвинителство бара да се констатира престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање. Кажа дека станува збор за јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи.

**Заклучок: Од страна на членовите на Советот беше констатирано барањето на јавниот обвинител за престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање заклучно со 09.12.2025 година.**

Под точка три од дневниот ред Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека оваа стратегија веќе е усвоена од страна на Советот и во Стратегијата предвидено е да се формира трочлена Комисија за спроведување на стратегијата. За членови на Комисијата ги предложи г-ѓа Светлана Стојковиќ, г-дин Ермон Незири и г-ѓа Марјана Илиеска.

Предлогот на Заменик претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Г-дин Ермон Незри истакна дека се работи за Стратегија за комуникација и транспарентност која Советот веќе ја усвоил на една од седниците на Советот . Надлежност на Комисијата ќе биде да се прати спроведувањето на стратегијата и со помош на медиумите и државата побара Советот да биде технички оспособен со што би станал по транспарентен за јавноста.

Под точка четири од дневниот ред Заменик претседателот на Советот кажа дека претходно треба да се формира Комисија која ќе го спроведе изборот за претседател на Советот. Воедно за членови на Комисијата ги предложи г-ѓа Светлана Стојковиќ, г-ѓа Кети Петкова и г-дин Ермон Незири. Предлогот на Заменик претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за формирање на Комисија за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ во состав: г-дин Ермон Незири – претседател, г-ѓа Кети Петкова – член и г-ѓа Светлана Стојковиќ – член.**

Под точка четири од дневниот ред Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими , кажа дела согласно член 7 став 1 од Деловникот за работа на Советот, кандидат за претседател на Советот може да

предложи секој член на Советот, и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Зорица Павловиќ и за Претседател на Советот го предложи колегата Башким Бесими. Смета дека со неговото долгогодишно искуство како јавен обвинител во ЈОРСМ, а и како член на Советот може да одговори на оваа функција и задачите кои ќе бидат поставени.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими констатираше дека нема друг предлог од страна на членовите на Советот за претседател на Советот, со што предлогот на г-ѓа Зорица Павловиќ беше прифатен од страна на сите членови на Советот.

Комисијата за избор на претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ ги подготви списите и избирачките ливчиња, по што се започна со тајно гласање за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Отткако се заврши со гласањето, Комисијата за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ констатира дека со осум гласа ЗА и три НЕВАЖЕЧКИ ливчиња, за Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ е избран г-дин Башким Бесими.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, согласно член 8 став 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, така што за Претседател е избран г-дин Башким Бесими.**

Г-дин Башким Бесими се заблагодари за укажаната доверба од страна на сите членови на Советот посебно на досегашната Претседателка на Советот г-ѓа Душица Димитриеска и воедно кажа дека како и досегашниот претседател на Советот успешно ќе ја извршува функцијата и ќе ја оправда укажаната доверба.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими, согласно член 6 став 4 од Деловникот за работа на Советот, за Заменик претседател на Советот ја предложи г-ѓа Марјана Илиеска.

Предлогот на Претседателот на Советот беше едногласно подржан од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, согласно член 6 став 4 од Деловникот за работа за Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука за избор на Заменик претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, така што за Заменик претседател е избрана г-ѓа Марјана Илиеска.**

Под точка разно од дневниот ред, г-дин Ермон Незири како координатор за подрачјето на ВЈО Штип, ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот доставен до Советот од страна на јавниот обвинител во ОЈО Берово, која бара изнаоѓање на решение со овластен потписник на сметката на тоа јавно обвинителство. Кажа дека колешката се има обратено и до ЈОРСМ каде бара решение за овој настанат проблем.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека јавниот обвинител во ОЈО Берово е од редот на јавни обвинители со завршена АСЈО и се уште нема наполнето 3 години стаж и не може да биде шеф на тоа јавно обвинителство и тука е проблемот и тоа што нема кој да ја овласти за потписник. Воедно кажа дека ќе треба Советот да номинира ВД ВЈО на ВЈО Скопје од причини што исто така ќе нема потписник. Предложи Генералниот секретар на ЈОРСМ во консултација со ВЈО на ВЈО Штип да изнајдат законска рамка за да се надмине настанатиот проблем.

Откако никој не зема збор, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи триесет и втората седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**